РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 09-885/1
23.07.2024 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 и 14 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 05/02), член 10 и член 11, а во врска со член 52 став 1 и став 6 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019 и 14/2020), а согласно член 8 точка 1 и 2 од Правилникот за систематизација на работни места во Општина Пехчево бр. 01-1396/1 од 28.11.2023 година, Градоначалникот на Општина Пехчево на ден 23.07.2024 година донесе:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидат по интерен оглас бр.01/24 за унапредување на административен службеник

**член 1**

Градоначалникот на општина Пехчево на ден 23.07.2024 година донесе одлука за избор на кандидатот **Марија Ризовски** за работно место Советник за вработување и унапредување на информативниот систем за човечки ресурси шифра УПР0101В01000 во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Пехчево.

**член 2**

На ден 08.07.2024 година од страна на Градоначалникот на општина Пехчево беше објавен интерен оглас за унапредување бр.01/24 за работно место Советник за вработување и унапредување на информативниот систем за човечки ресурси шифра УПР0101В01000 во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Пехчево. На ден 22.07.2024 година во просториите на Агенција за администрација беше извршена административна селекција од страна на комисијата и е изготвен записник со број 04-764/4 од 22.07.2024год. во кој е констатирано дека кандидатот продолжува на интервју. По извршеното интервју е донесена ранг листа на кандидати со која се констатира дека кандидатот Марија Ризовски има освоено вкупно 25 поени и истата е доставена до Градоначалникот на општина Пехчево, по што Градоначалникот на општина Пехчево донесе Одлука за избор на кандидатот Марија Ризовски за работно место Советник за вработување и унапредување на информативниот систем за човечки ресурси шифра УПР0101В01000 во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Пехчево.

**член 3**

Оваа одлука ке биде објавена на веб страната на општина Пехчево.

**Правна Поука**: Против оваа одлука незадоволните кандидти имаат право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на веб страната на општината.

Доставено до
- Кандидатот,
- Архива на општина Пехчево

Општина Пехчево

Градоначалник

Александар Китански

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПЕХЧЕВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО